Една од клучните алки во унапредување на квалитетот на наставата е градење на капацитетите и професионалниот развој на наставниците и нивната проактивност за личен придонес во институцијата и општеството. Во рамките на проектот „Innovative maths teaching“ во периодот од 9 до 15 декември во Тичлени , Романија се одржа првата мобилност од проектот „Innovative maths teaching“ во рамките на ERASMUS програмата. Нашите професори Марија Велевска и Марија Илиевска, заедно со 6 ученици од нашето училиште активно се вклучија во активностите за реализација на истиот.

